118820

 /IV, 764 [16]

764, 16.

КУЛТУРА
БУЛ. СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ 68а
Тел: 111-332; Факс 22 86 08

Култура

КУЛТУРА
e-mail:ipkultura@unet.com.mk
www.kultura.com.mk

## МУЗЕЈОТ НЕ СМЕЕ ДА СЕ ПРЕТВОРИ ВО ЗАТВОРЕН ХРАМ НА УМЕТНОСТА

# Приоритет на МСУ е да се најдат сили за трајна поставка


Реновираната сала со дела од богатата збирка МСУ


Ристо Калчевски, комбинирана техника на дрво

*Имаме обврска да ја вратиме мезејската дејност на оваа институција, бидејќи чуваме 5.000 дела*

ГОРДАНА М. БЛАЖЕВСКА

Музејот на современата уметност оваа година ја започнува со еден пријатен податок а тоа дека оваа институција во изминатата година бележи зголемена посетеност во однос на последните неколку години. Кон крајот на изминатата година во МСУ конечно се реализираше одамнешната замисла, да се постави дел од богатата колекција на светски дела што ја поседува Музејот, чија броја изнесува 5000, што е уште една причина да се зголеми посетеноста. За таа намена беше реновирана изложбена сала во која се задоволени сите услови и можности за поставување на проекти по сите европски и светски стандарди. По пауза од десет години во Музејот е поставена поставка во која се наоѓаат дела на Пикасо, Хартунг, Вазарели, Калдер, Сулаж, Бури, Камени, Адамс, Лам, Бај, Јакобсен, Пан, Виала, Кристо, Леже, Алешински, Мушиќ, Бифе, ЛеВит, Базелиц, Џонс, Хокни, Хокни, Андерле, Стажевски...

**"Обврска на МСУ е да функционира како музеј а тоа подразбира перманентна грижа за депонирање на дела, нивна стручна обработка и професионална презентација на делата. Со промовирањето на оваа изложбена сала адаптиран е еден мал дел од институцијата со што и понатака ќе се пристапува кон етапно санирање на музејскиот објект, поради неможноста од интегрално решавање на целиот комплекс на МСУ што во сегашните услови е невожможно, бидејќи овој проблем се влече 20 години**, вели директорот Емил Алексиев. Со ова е вратена музејската дејност на оваа институција. Имено, музејот подолго време функционира исклучиво само како галерија а не како Музеј, вели Алексиев. "**Ние и сме финансирани како галерија, и имаме обврска да ја вратиме мезејската дејност на оваа институција, бидејќи чуваме 5000 исклучиво вредни уметнички дела, и ова е само еден мал чекор кон она што ја чека оваа институција и е во функција на исполнување на нејзината целосна функција, а тоа е а тоа е адаптација на изложбениот простор и враќањето на музејската дејност.**

Инаку во текот на изминатата година во МСУ беа поставени 23 изложби од кои три беа продолжение од претходната 2000 година, Од 20-те изложби реализирани во 2000 година девет беа вонпрограмски. Седум се финансирани од сопствени извори а 13 се целосно или делумно финансирани од Министерството за култура. Од реализираните изложби две беа самостојни претставувања на македонски автори, шест изложби беа од странство, три беа тематски изложби на дела од колекцијата на МСУ, пет беа групни изложби на уметници од земјата и од странство, две студиски и една монографска изложба.

Во годината што измина беше обновена манифестацијата "Биенале на млади", коешто го доживеа своето петто издание, а се одржа кон крајот на мај и почетокот на јуни. На оваа изложба која беше извонредно посететна учествуваа 44 македонски уметници од младата и најмладата генерација. Основната причина за нејзиното обновување лежи во обидите да се регистрираат најновите струења во ликовната уметност како и афирмација на вредностите што со себе ги носи младата генерација ликовни уметници. Изложбата "Стрип во лифт" што се одржа во април исто така во голема мерка ја привлече младата публика. На изложбата беа претставени македонски автори кои го чинат современиот стрип во Македонија. Иако оваа изложба немаше намера да ги покрие сите стрип појави во Македонија, сепак преку оваа изложба, на која беа претставени 21 автор, беше претставена целокупната македонска стри сцена. За одбележување е и изложбата "Цитати" којашто


Невзат Бејтули – Кица од изложбата „Јас и другиот"

исто така привлече и медиумско внимание а остана забележано и вниманието од публиката беше поставена кон крајот на октомври и почетокот на ноември. Се работи за авторски проект на шест македонски уметници кои со своите дела на различен начин одговараат на дадената тема, и кои во своите претставувања користат и цитати од различни медиуми. Овде треба да се спомене и изложбата "Јас и другиот" којашто поради политичката ситуација во земјата предизвика најразлижни реакции. Станува збор за мултиетнички проект во кој беа вклужени македонски уметници од различно национално и културно потекло од разлижни средини во земјата, а учествуваа 17 автори. Изложбата "Лаф муабет" е заедничка на ликовни уметници од Македонија и со уметници од шест европски земји. Изложбата на фотографии "Мед и крв" ја сочинуваа 64 фотографии на познатиот турски уметник Рон Хавив, а изложбата уште може да се нарежи и балкански воен дневник. Од самостојните претставувања кои беа реализирани во МСУ е изложбата на Димитар Манев реализирана на почетокот на март. Оваа изложба што ја сочинуваа 34 слики работени во комбинирана техника и масло на платно од колекцијата на Владимир Лазов. Изложбата со дела на Ристо Калчевски претставува ретроспективно навраќање кон творештвото на Ристо Калчевски со цел да се акцентираат и проблемски обработат одредени моменти во неговото сликарство. На отворањето на "Скопско лето" во МСУ се одржа самостојното претставуање и музички перформанс на еден од најпознатите унгарски уметници, Виктор Лоис.

**-Секако бројноста на посетеноста не е основното мерило туку е само еден од повеќето критериуми кои ја определуваат вредноста што ја има еден музеј, имајќи во предвид дека сепак во крајна инстанца музеите се направени од луѓе и за луѓе а со тоа не смее еден музеј да се претвори во храм на уметноста каде се одвиваат, за повеќето луѓе, некои неразбирливи ритуали на уметноста, вели Емил Алексиев**, навраќајќи се на проблемот со којшто се соочени помалку или повеќе речиси сите музеи и галерии, дали вредноста на еден Музеј се мери според индексот на бројката на посетители. **- Музеите не смеат да се претворат во херметички затворени институции. Во тој случај се губи смислата на сопственото постоење. Во Музејот мора да се слуша жагор, мора постојано да се случува нешто. Луѓето не смеат да гледаат со страхопочит кон музеите, херметизмот и затвореноста на институциите може само да им штети. Меѓутоа, музеите одамна се наоѓаат во криза и тоа во светски рамки, односно, идејата за тоа што треба да претставува еден музеј се наоѓа во криза. Решението се бара во различни начини. Голем дел на музеите се насочија кон едукативна дејност и тоа на мошне приземно ниво. Ние во МСУ мора да бидеме во тек со она што се случува денес на македонската и на светската ликовна сцена. Секој музеј има обврска кон минатото бидејќи кустосите се чувари на традицијата на знаењето на уметноста и тоа треба да биде во конструктивна релација со сегашноста, вели Алексиев.**

---

Промотивна филмска проекција во кино „Култура"

## „Божествена литургија на св. Јован Златоуст" на Благоја Марковски

Документарниот филм "Божествена литургија на св. Јован Златоуст" на режисерот Благоја Марковски својата промотивна проекција ќе ја има денеска, во киното „Култура", со почеток во 18 часот.

Овој музичко документарен филм, во траење од 47 минути, е тематски врзан за Златоустовата литургија. Во него доминантниот дел е отстапен на автентичното пеење на ова црковно музичко дело од страна на калуѓериките од манастирот Водоча и Владиката Наум. Филмот е снимен минатата година на локации во повеќе манастири во Македонија, пред се во манастирот Водоча и во црквите во Охрид. Сценариото за филмот го изработи Љубе Цветановски, а снимател е Апостол Трпевски. Финансиските средства за реализацијата на овој филм се обезбедени од Министерството за култура на Македонија, како продуцент се јавува "Интернационал - Драма Студио", а техничката база за филмот ја обезбеди "Бојан филм" од Софија. Музиката од филмот е снимена на ЦД.

(Л.М.)